**ГРАД СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Град Скопје**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за образование**

**ПРЕТСТАВНИК:** **Даниела Адамова - Раководител на Сектор за образование**

**ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА**
**за изменување на Програмата за активностите на Градот Скопје од областа на средното образование во 2022 година**

**Скопје, јуни 2022 година**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 ) Советот на Град Скопје, на ________седница одржана на ___________2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување на Програмата за активностите на Градот Скопје од областа на средното образование во 2022 година**

I. Во Програмата за активностите на Градот Скопје од областа на средното образование во 2022 година („Службен гласник на Град Скопје“ број 02/22) се вршат следниве изменувања:

1. Во главата III. ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА, прв приоритет: Модернизирање на воспитно-образовниот процес во средните училишта, точка 2. Организирање и спроведување на бесплатниот ученички превоз, потточка Извори на средства, износот „42.000.000“ се менува во износот „92.000.000“
2. Во завршните зборови во главата III. ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА, по точката 13: „Вкупниот износ на средства планиран во Буџетот на Град Скопје за 2022 година за реализација на активности од областа на средното образование изнесува 82.600.000 денари.“ се менуваат со зборовите: „Вкупниот износ на средства, планиран во Буџетот на Град Скопје за 2022 година за реализација на активности од областа на средното образование изнесува 132.600.000 денари“

II. Оваа програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број ________________
___________2022 година
Скопје

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I I QYTETIT TËSHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR
Трајко Славески Trajko Sllaveski

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02) се предлага измена на Програмата за активностите на Градот Скопје

од областа на средното образование во 2022 година („Службен гласник на Град Скопје“ број 02/22) и тоа:

Во главата III. ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА, прв приоритет: Модернизирање на воспитно-образовниот процес во средните училишта, точка 2. Организирање и спроведување на бесплатниот ученички превоз, потточка Извори на средства, износот „42.000.000“ се менува во износот „92.000.000“. На овој начин со средства од Основниот Буџет на Град Скопје се овозможува користење на бесплатен јавен превоз на сите ученици од средните училишта на Град Скопје во текот на целиот летен распуст. Имено, со бесплатниот ученички превоз ќе се унапреди и олесни извршувањето на бројните воннаставни активности на учениците, нивните обврските за посетување феријална пракса, за дополнителна и подготвителна настава и за други спортски активности и потреби за движење. Истовремено со овој проект дополнително се олеснува товарот врз семејните буџети на сите ученици запишани во средните училишта на Градот Скопје.
Средствата за оваа намена се обезбедени од повеќе ставки од Основен Буџет на Град Скопје.

Поради сето горенаведено, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програма за изменување на програмата за активностите на Град Скопје од областа на средното образование за 2022 година.